РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-16946/1
21-10-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/08; 124/10, 135/11 и 43/14), министерот за образование и наука донесе

# УПАТСТВО
## за начинот на водење евиденција на овластени лица за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Министерството за образование и наука

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за овластените лица за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми, надвор од работните простории на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: „Контролорот").

### Член 2

За обработка на лични податоци надвор од работните простории на Контролорот, министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) донесува решение кое е дадено на образец во Прилог бр. 1 и е составен дел на ова упатство.

За пренесување на медиумите (преносен компјутер, мемори стик, ЦД-диск, флопи дискета, преносен тврд диск итн.) кои содржат лични податоци надвор од работните простории на Контролорот, министерот донесува решение кое е дадено на образец во Прилог бр. 2 и е составен дел на ова упатство.

### Член 3

За издадените решенија од член 2 кај Контролорот се води евиденција која ги содржи следните податоци

- реден број,
- име и презиме на работникот,
- број и датум на решението,
- рок на важење,
- обем на овластувањето за пристап до личните податоци и
- начин на пристап.

### Член 4

Евиденцијата од член 3 на ова Упатство се води на образец даден во Прилог бр.3 кој е составен дел на ова упатство.

Евиденцијата од став 1 на овој член ќе ја води овластено лице од Контролорот.

Член 5

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Министер,
Abdilaqim Ademi

_____________ 2014 година
Скопје

Прилог бр.1

Врз основа на член 7 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10) и член 2 од Упатството за начинот на водење евиденција за овластени лица за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Министерството за образование и наука во Скопје, министерот на Министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Се ______________________________ овластува (*име и презиме и работно место на работникот*)
да врши обработка на лични податоци надвор од работните простории при извршување на работите од надлежност на ______________________________.

Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е неограничен.

Начинот на пристап до лични податоци е во согласност со овластувањата пропишани со закон.

Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работно место ______________ во ______________.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Министер

______________

Прилог бр.2

Врз основа на член 19 став 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/09 и 158/10) и член 2 од Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Министерството за образование и наука, министерот на Министерството за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се овластува

______________________________________________ (*име и презиме и работно место на работникот*)

да изврши пренесување на ________________________________(*да се наведе видот на медиумот: преносен компјутер, мемори стик, ЦД-диск, флопи дискета, преносен тврд диск, и др.)*

надвор од работните простории на Министерството за образование и наука __________

____________________________________________________

____________________________________________________(*да се опише причината и периодот)*

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Министер

____________________

Прилог бр.3

# Е В И Д Е Н Ц И Ј А

## ЗА ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА МЕДИУМИ НАДВОР ОД РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ВО СКОПЈЕ

| Ред. број | Име и презиме на работникот | Број и датум на решението | Рок на важење | Обем на овластување то за пристап до личните податоци | Начин на пристап |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |